Универзитет Св. Кирил и Методиј
Педагошки факултет Св.Климент Охридски
Бр. 02-337/6
20.04.2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 161/2010), Колективниот договор за високото образование и наука (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/2021) и член 57 од Статутот на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 462/2019), **Наставно-научниот совет на Факултетот,** на својата седница одржана на 20.4.2022 г., донесе

# О Д Л У К А

## За изменување и дополнување на Одлуката за платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје – Педагошки Факултет „Св. Климент Охридски“ Скопје

чл.1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје – Педагошки Факултет „Св. Климент Охридски„ Скопје (Универзитетски гласник бр. 235/2013).

чл. 2

Се менува насловот на Одлуката и истатата ќе гласи:
„Одлука за утврдување на платите, надоместоците и додатоците на плата и другите надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје - Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

чл. 3

Членот 1 се менува и гласи:

„Со оваа Одлука се уредуваат платите, надоместоците и додатоците на плата и другите надоместоци од работниот однос, од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје - Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

чл. 4

Членот 3 се менува и гласи:

„Платата на вработените на Факултетот за работа со полно работно време и нормален работен учинок не може да биде пониска од основната плата утврдена со оваа Одлука.

Основната плата не може да биде пониска од износот утврден од Министерството за образование и наука според коефициентот на сложеност на работните места во високото образование“

чл. 5

Во членот 4 став 3 алинеи 2 и 3, на место на зборовите: „од буџетот на РМ“, се ставаат зборовите: „од буџетот на РСМ“.

чл. 6

Членот 6 се менува и гласи:

„Платата се состои од:

1. Основна компонента и
2. Исклучителна компонента на плата.

Основната компонента на плата се состои од:

- Основна бруто плата
- Дел од плата за работен стаж
-

Исклучителната компонента на плата се состои од:

- Дел од плата за работна успешност
- Додатоци и надоместоци“

чл. 7

Заглавието пред чл. 7 се менува и гласи:Основна компонента на плата.

чл. 8

Членот 7 се менува и гласи:

„Основната компонента на платата се исплаќа од основниот буџет на МОН на РСМ согласно со колективниот договор за високо образование и наука (Сл. весник на РСМ бр.102/2021), за секое пополнето работно место согласно со Правилникот за систематизација на работните места на Факултетот.

Основната компонента на платата се исплаќа и од сопствените средства на Факултетот, врз основа на утврдени бодови.

Вредноста на бодот врз основа на кој се исплаќа основната компонента на платата од од делот на сопствените приходи е во зависност од расположивите средства на Факултетот.

Делот од работниот стаж се зголемува за 0,5 % од основната бруто плата, за секоја година работен стаж, до максимум 20%.

Основната компонента на платата од ст. 1 и 2 на овој член е прикажана во Прилог 1 од оваа Одлука“

чл. 9

Во членот 8 се додаваат став 3 и став 4, кои гласат:

„На Факултетот се утврдуваат следниве групи на сложеност на работните места:

1. За лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички завања (наставен кадар):

а. Категорија А – наставно-научни звања
- ниво А01 – редовен професор
- ниво А02 – вонреден професор
- ниво А03 – доцент

Б. Категорија В
- ниво В01 – асистент

2. За Стручната и административна служба (ненаставен кадар):
- А02 – секретар на Факултетот
- Б04 – раководител на Одделние
- В01 – Советник
- Г01 – самостоен референт
- Помошно технички лица за кои е потребно ССС (хаузмајстор, чувар, хигиеничар)
- Помошно технички лица за кои е потребно ОО (хигиеничар)“

„Работните места во стручната и администаративната служба од исто ниво можат да имаат различна плата од делот на сопствените приходи согласно сложеноста, обемот и слично на работните задачи“

чл. 10

Во членот 9, зборовите основната плата, се менуваат со зборовите основната бруто плата, а се друго останува исто.

чл. 11

Членот 10 се менува и гласи:

„Полното време на работниците од редот на наставниот кадар се распоредува на:

а) Работни часови за вршење на наставни активности

\- работни часови за вршење наставни активности на прв циклус и на втор циклус на студии може да изнесуваат максимум 6 наставни часа неделно, однбосно максимум 180 наставни часа годишно (предавања, индивидуална настава, вежби, практична настава)

\- подготовка за изведување на наставни часови, консултации, континуирано оценување, завршни испити, индивидуална работа со студенти (домашни задачи, семинарски работи, проекти и слично).

До исполнување на 40-часовната работна недела, наставниот кадар врши и други работи:

б) научно-истражувачка, уметничка и применувачка дејност;

в) научно и стручно усовршување и

г) учествува во работата и управувањето на Факултетот (Наставно-научен совет, Деканатска управа, Наставно-научен колегиум, Совет на трет циклус и слично) и други активности поврзани со наставно-образовниот процес

Полното работно време за истражувалки активности се распоредуваа се распоредува на:

а) работни часови за вршење на научно-истражувачка дејност;

б) работни часови за научно и стручно усовршување;

в) работни часови за наставни активности

г) работни часови за учество во работата и управувањето на установата

чл.12

Членот 11 се менува и гласи:

Нормираниот обем на наставниците за остварување на наставни активности изнесува 180 часа настава, годишно.

Структурата на наставата од став 1 на овој член се утврдува како што следува:

\- 90 часа предавања годишно за наставниците (до 50% од предвидениот обем на активности);

\- 20 часа подготовка на предавањата и други форми на изведување настава (до 10% од предвидениот обем на активности);

\- 20часа континуирана проверка на знаењата (до 10% од предвидениот обем на активности);

\- 20 часа завршна проверка на знаењата (до 10% од предвидениот обем на активности);

\- 30часа прием на студенти од 2 часа неделно (до 20% од предвидениот обем на активности), при што се засметува соодност од 2 часа прием на студенти е еднаков на 1 час предавање;

Со исполнување на активностите од став 2 на овој член се смета дека наставникот остварил 180 часа настава годишно.

Доколку наставникот одржува и вежби, одржан час вежби се засметува во соодност 1 час вежби е еднакво на 1 час предавања.

Наставниците во текот на еден семестар од студиската година можат да вршат настава по најмногу четири наставни предмети од исто научно поле.

Конкретизирањето на бројот на часовите по наставно-научен работник и по соработник за секој семестар се утврдува со посебна одлука од Наставно-научниот совет.

чл.13

Членот 13 се брише, согласно кое членовите 14 ... 57, стануваат член 13 ... 56.

чл.14

Членот 16 се менува и гласи:

„ Работното време на работниците од редот на стручен и административен кадар се остварува во петдневна работна недела"

чл. 15

Заглавието пред член 17 се менува и гласи: Исклучителна компонента на плата

чл. 16

Членот 19 се менува и гласи:

„Основната бруто плата на работникот по основ на работна успешност и покажани резултати во текот на месецот може да се зголеми до 30 %.

Висината на средствата за делот од платата за работна успешност се исплаќа од сопствените приходи"

чл. 17

Заглавието: 3.Додатоци, после член 20 се брише.

чл. 18

Во членот 21 се додава ст. 4 кој гласи:

„Функционалниот додаток ќе се исплаќа од сопствените приходи на Факултетот"

чл. 19

Заглавието: 4.Други додатоци на плата се брише.

чл. 20

Во членот 22 ст.1 ред први, зборовите: основна плата, се бришат и се додаваат зборовите: „основна бруто плата", а во ред 2 се бришат зборовите: „и додаток за работен стаж".

Во членот 22 став два и три се бришат и на нивно место, се додавааат ставовите 2, 3, 4 и 5 кои гласат:

Ст.2

„Основната бруто плата на работникот се зголемува по час за:

- Прекувремена работа – 35%
- Работа ноќе – 35%
- Работа во три смени – 5%, само за времето кога работникот работи во втора и во трета смена
- Работа во ден на неделен одмор - 15%

- Работа во денови на празници – 50% "

Ст. 3

„Додатоците од ст. 2 на овој член меѓусебно не се исклучуваат и истите се обезбедуваат од основниот буџет на Министерството за образование и наука"

Ст.4

„На вработените им следат и надоместоци кои се исплаќаат од сопствените приходи на „На вработените на Факултетот им следат и надоместоци кои се исплаќаат од сопствените приходи на Факултетот, врз основа на мерилата дадени во колективниот договор, за:

- службени патувања;
- одвоен живот од семејство;
- за годишен одмор (регрес);
- јубилејни награди"

ст.5

"На вработените на Факултетот им следат и надоместоци кои се обезбедуваат од основниот буџет на Минисатерството за образование и наука, врз основа на мерилата дадени во колективниот договор и Законот за извршување на буџети, односно Законот за заштита и спасување, за:

- смрт на работникот или член на неговото потесно семејство;
- за трошоците за боледување подолго од 6 месеци;
- во случај на потешки последици од елементарни непогоди и
- отпремнина за заминување во пензија.

чл. 21

Се менува Табела 1, составен дел на Одлуката за плати од 27.12.2020 година. и истата ќе гласи:

Висина на основната плата на наставно научниот и соработнички кадар

| Р.бр. | Работно место | бодови |
|---|---|---|
| 1. | редовен професор | 1247,797 |
| 2. | вонреден професор | 1132,916 |
| 3. | доцент | 1049,302 |
| 4. | асистент | 803,379 |

Висина на основната плата на вработените во Стручната и административнма служба

| Р.бр. | Работно место | бодови |
|---|---|---|
| 1. | секретар | 1049,476 |
| 2. | Раководител на одделение | 813,318 |
| 3. | Советник | 699,09 |
| 4. | Самостоен референт | 561,22 |
| 5. | чувар | 486,22 |
| 6. | хигиеничар | 486,22 |

чл. 22

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетски гласник.

Декан,
Проф. д-р Емиљ Сулејмани